Tweet   Follow @UtrinskiVesnik   Ми се допаѓа 0

03.04.2012, 17:06

ВИТРАЖ

# ДЕТСКИОТ СВЕТ ОД ГЕТОТО ТЕРЕЗИН



**Катерина Богоева**

**Кон изложбата: „Детска приказна - детски цртежи од гетото Терезин (1942 -1944)“**

„Уметноста ни помогна да преживееме“, оваа силна реченица на најдобар начин ја илустрира содржината на изложбата „Детска приказна - детски цртежи од гетото Терезин 1943 -1944 “ која за десетина дена повторно ќе биде поставена во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија во Скопје каде што и беше отворена во март по повод одбележувањето на 69-годишнината од депортацијата на 7.144 Евреи од земјава во логорот Треблика.

Изложбата содржи 40 детски цртежи насликани во чешкото гето Терезин/ Терезиенштат во периодот јули 1942 - септември 1944 година, преку кои на незаборавен начин се доживува специфичната моќ на уметноста која им била духовно прибежиште на децата што во тој период живееле во овој познат транзитен концентрационен логор за Евреи, главно, од Чехословачка и од Германија.

Во него, по ослободувањето во мај 1945 година биле пронајдени 4.000 детски слики и цртежи откако околу 10.000 деца, невини жртви на холокаустот, биле депортирани надвор од гетото, најголем дел во логорот на смртта Аушвиц - Биркенау. Само мал дел од депортираните деца се вратиле, а ликовниот свет што го создале овие невини жртви на холокаустот досега е презентиран насекаде во светот.

И Скопје со оваа изложба се вброи меѓу градовите чии жители имаат можност да ги видат темните страни на историјата, но и паралелната грижа за децата на кои еврејските власти во мрачните и запуштени услови на гетото Терезин успеале да им организираат часови по музика и уметност. Во гетото цртање им предавала виенската сликарка и инструкторка Фрајдл - Дикер Брандајс, која таму била депортирана со својот сопруг во 1942 година, а била ликвидирана во Аушвиц две години подоцна.

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- КОИ КЕ ГО НАСЛЕДИ БОГАТСТВОТО НА ПРИНС
- НЕЗАВИСНИОТ ПОЛИЦИСКИ СИНДИКАТ БАРА ОДГОВОРНОСТ И ОД ЧАВКОВ
- НЕДЕЛНА ПАУЗА ЗА ПАРТИСКИТЕ ПРЕГОВОРИ ЗА НОВА ВЛАДА
- ВАРДАРКИ ГО ОСВОИ РАКОМЕНТНИОТ КУП НА МАКЕДОНИЈА
- ИБРАХИМИ: ИДНАТА ВЛАДА ДА ГО ПРОДОЛЖИ БАЊСКИОТ ОДМОР ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

18° СКОПЈЕ ВРЕМЕ
Претежно облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |
| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ
- IN MEMORIAM: Почина д-р Ѓорѓи Ставриќ, основач на дијагностичката лабораторија за малигни болести

Таа студирала на познатото уметничкото училиште Баухаус, а нејзините методи за работа со децата се сметале за прогресивни.

Кога се среќавате на изложбата со овие детски цртежи за кои претходно знаете во какви услови се создадени, во прв план ги гледате темите и мотивите што биле инспирација за нивно создавање, но и совладаните технички проблеми во уметничкото изразување. Забележано е дека Фрајдл - Дикер Брандајс им помогнала на децата не само да ги надминат техничките проблеми, туку, што било поважно, да ја надминат својата секојдневна загриженост, траумите и постојаниот страв кои биле производ на нивната неизвесна иднина. За својата педагошка работа во гетото, таа напишала дека цел не и' била да ги научи децата да станат уметници, туку да бидат здрави, самоуверени поединци со висока социјална интелегенција. А за да ги обезбеди потребните материјали за цртање, виенската сликарка, пак, се лишувала и од неопходната храна и облека за неа. Младите уметници морале економично да постапуваат при составување на цртежите и колажите што може и да се забележи.

Детската ликовна приказна ја сочинуваат, меѓу другите, и импресивните слики под наслов „Сон за враќање дома“, „Сон за домот“, Зајдисонце“, „Подводен свет“, „Воз“, „Девојката со жолта Давидова ѕвезда на градите“, „Детето на кревет, цвеќиња и сад со компири“ и др.

Отворена со помош на чешката амбасада и Еврејскиот музеј од Прага, изложбата освен моќта на уметноста, ја покажува и човековата сила на гледањето в очи на безумието. А тој момент на човекова, детска храброст не се заборава. И не треба.

Статијата е прочитана 1490 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Вечер на Институтот за етнологија и антропологија**
**Четири холандски кореографии го отвораат „Танц-фест“**
**Почина македонскиот режисер Зоран Младеновиќ-Окан**
**„Велес низ стари фотографии“**
**Одлични критики за Игор Дурловски во Германија**

## КОМЕНТАРИ

**From Czech republic**, 04.04.2012 08:05:43
Vi blagodaram za upozoruvanje na Skopjanite na ova izložba, iako prema broj na čitateli mislam deka nema da bide mnogu aktuelna vo Makedonija. No, koj saka, ke odi da vidi. Samo da napomenam, deka malku e pogrešen izraz Češkoto geto Terezin. Iskreno da kažam, nemam tolku taa rabota prostudirano, no kako što znam, se raboti za gradče i dosta golema voena tvrgjava Terezin od vreme na Avstro-Ungarska (18. vek), vo koja nacistite navistina organizirale evrejsko geto, koe ponekogaš se narekuva i koncentracionen logor Terezin. Terezin e samo edna mala točka od mnogu strašni raboti, što se dešavale za vreme 2. svetski rat, nedalečna istorija. Pozdrav.

Кликнете за оценка: 27 | 35

Deutsche Welle
Северна Кореја: Секоја недела една ракета?
Договор за владата до крајот на неделава?
Пипа кажа „Да“